***З А П И С Н И К***

***од 52-ра седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 28.06.2021 година***

Седницата се одржа во просториите на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар со почеток во 11 часот.

На седницата присуствуваа 10 (десет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Благоја Станојоски, Николче Димитријовски, Валентина Ѓорѓиовска, Татјана Кочовска, Мишко Поповски, Христина Бојаџиева Андреска, Александра Ѓорѓиовска Трајчевска, Добри Најдовски, Драге Пупунчевски, Марија Кочовска, а отсутна беше советничката Весна Ориѓанска. На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Марјанче Стојановски.Од општинската администрација присутни беа Игор Дамјановски, Катерина Радовска и Јасмина Василеска Перчаковска.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 51-ва седница на Совет на општина Демир Хисар

По записникот немаше забелешки со 10 „за“ беше усвоен

-Усвојување на записник од Итна седница на Совет на општина Демир Хисар одржана на 08.06.2021 година

Записникот со 10 „за“ беше усвоен

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година.
2. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 за изградба на фотоволтаични централи, за КО Прибилци м.в. „Горни ливади“ 1.
3. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 за изградба на фотоволтаични централи, за КО Прибилци м.в. „Горни ливади“ 2.
4. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 за изградба на фотоволтаични централи, за КО Прибилци м.в. „Горни ливади“ 3.
5. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 за изградба на фотоволтаични централи, за КО Прибилци м.в. „Горни ливади“ 4.
6. Донесување на Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2021 година.
7. Разгледување-усвојување на Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2020 година.
8. Разгледување-усвојување на Годишен извештај за спроведување на програмата за развој на Пелагонискиот плански регион од страна на центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во 2020 година.
9. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Благоја Станојоски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа, при тоа предложи дополнување на Дневниот ред со точка 6.Донесување на Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2021 година, по предлог на администрацијата. Со оваа точка предложените одлуки се ставаат во програмата за урбанистички планови. Други предлози немаше. За усвојување на Дневниот ред со дополнувањето гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година***

За Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година Претседателот на Советот Благоја Станојоски истакна оваа точка е по трет пат се става на Дневнен ред нема измени се е исто. Сега на седницата присутен е и Градоначалникот на барање на советниците. Градоначалникот Марјанче Стојановски објасни за да може да се стави во функција претпријатието треба да се префрлат возачите и комбињата. Сега има изготвено Правилник за систематизација, треба согласност за годишен план за вработување. Без возачи неможи да функционира претпријатието, неможи лиценца да се извади, исто и се планира раководител. Еден од условите за издавање на лиценца е да има вработени возачи. Советникот Мишко Поповски во својата дискусија истакна еднаш Советот донесе план за вработување на возачи за комбињата во општината, сега повторно се бара да донеси план за вработување на возачи во јавното претпријатие, може да се случи да се вработат тројца нови возачи, а тие во општината да останат. Да не се случи злоупотреба треба да се нагласи дека истите возачи од општината ќе се вработат во јавното претпријатие, со преземање. Што се однесува за раководителот и предходниот пат беше нагласено не може на тројца возачи двајца раководители, директорот и раководителот имаат исти работни задачи се дуплира тоа работно место. Треба друго работно место да се отвори кое ќе има работни задачи, ќе ги работи административните работи. А вака се отвора можност да се вработи раководител и после тоа и директор што ќе работат двајцата. Градоначалникот Марјанче Стојановски објасни сега треба да се донеси планот за вработување да се префрлат возачите на наредната седница ќе се преземат и минибусите, и со тоа трите работни места систематизирани во општината како возачи на минибуси се безпредеметни. Нема да дозволиме да се дуплираат работни места и да го оптеретуваме буџетот на општината, тоа не е целта, за тоа гарантирам дека нема да има нови вработувања на возачи, а вработените возачи да останат во општината. Станува збор тројцата возачи, бидејќи едниот е вработен во општината случајно имаше соодветна категорија и беше ставен на припомош на јавното претпријатие да не се вработува ново лице. Откако ќе добиеме согласност од Министерство за информатичко опшество и администрација ќе распишеме оглас, така е најлесно да се префрлат возачите. Тројца од општината и еден нов вработен возач, и раководител ќе биди едно вработување раководителот ќе биди назначен за ВД директор и тука нема да има две вработувања. Нема да дозволиме непотребно да се оптеретува претпријатието, по систематизација се 5 возачи, но ќе се вработат само 4 возачи, петтиот планиран возач за замена ќе биди возачот кој е вработен во општината. Ова ви го гарантирам, на ваков начин ќе профункционра претпријатието, во интерес на сите е да почни да работи да видат бенефит граѓаните од комбињата. По систематизација има уште слободни работни места, но не се планира да се пополнат, сметководството го води приватна фирма се плаќа по 3-4 илјади месечно и подобро е така помали се трошоците. Советничката Валентина Ѓорѓиовска забележа овде се две работни места раководител и директор, ништо нема да ги кочи да ги се пополнат двете работни места, потоа додаде две три години неселението неможи да види бенефит од комбињата. Така вешто се префрла вината на Советот и се добива погрешна слика кај населението дека Советот е виновен. Ако Советот не донесеше одлука немаше ни да се набават комбињата, ред други околности беа во прашање за да биди оваа ситуација, но за се се обвинува Советот и тоа без добро образложение, него така само виновни се советниците. Воопшто не е транспарентно работењето се вработуваат партиски кадри, сите планови што се носат на Совет се со име и презиме и тоа е дел од околностите, а не само виновен е Совет. Градоначалникот Марјанче Стојановски објасни не се планира да се пополнат двете

работни места ќе се вработи раководител и ќе се назначи за директор, исто е случај во Домот на културата и таму директорот е и библиотекар не се пополнети двете места. Исто и за возачите кога ќе се префрлат во јавното претпријатие ќе се укинат тие места во систематизацијата на општината. Целта е да се тргнат возачите од општината, мора прво да се донеси планот за вработување за да се направи таа постапка. Советникот Мишко Поповски додаде не се разбравме добро јас дадов предлог тројцата возачи од општината да одат во јавното претпријатие, да се укинат тие работни места во општината, треба да се води сметка со вработувањата не само да се вработуваат нови луѓе. Градоначалникот Марјанче Стојановски објасни целта на оваа постапка е тоа да се префрлат возачите од општината во јавното претпријатие станува збор за тројца возачи, се планира уште еден возач, бидејќи се четири комбиња, нема да ги дуплираме овие работни места затоа ќе се укинат во систематизацијата на општината. И да се вработи раководител кој ќе биди и директор тоа е едно вработување ова нека стои во записник ви гарантирам дека така ќе се постапи. Советникот Мишко Поповски додаде ако има можност подобро е тие вработени да земаат повиски плати, него да има уште 2-3 нерентабилни вработувања. Советничката Христина Бојаџиева Андреска побара пауза од 5 минути. После паузата немаше дискусија. За давање согласност за планот за вработување гласаа 6 „за“ 4 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 2. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 за изградба на фотоволтаични централи, за КО Прибилци м.в. „Горни ливади“ 1***

За Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 за изградба на фотоволтаични централи, за КО Прибилци м.в. „Горни ливади“ 1 објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Исти е подносител на сите овие иницијативи станува збор за 15 парцели разделени се во 4 групи ќе се работат постапно. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 3. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 за изградба на фотоволтаични централи, за КО Прибилци м.в. „Горни ливади“ 2***

За Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 за изградба на фотоволтаични централи, за КО Прибилци м.в. „Горни ливади“ 2 објаснување имаше Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 4. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 за изградба на фотоволтаични централи, за КО Прибилци м.в. „Горни ливади“ 3***

За Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 за изградба на фотоволтаични централи, за КО Прибилци м.в. „Горни ливади“ 3 објаснување имаше Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 5. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 за изградба на фотоволтаични централи, за КО Прибилци м.в. „Горни ливади“ 4***

За Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 за изградба на фотоволтаични централи, за КО Прибилци м.в. „Горни ливади“ 4 објаснување имаше Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2021 година***

За Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 7. Разгледување-усвојување на Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2020 година***

Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни до Советот е доставен Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2020 година. Советникот Мишко Поповски упати забелешка зошто нема присутен претставник. Нема финансиски податоци со колку средства општината учествува процентуално и колку средства користи исто така процентуално. Дали општината има бенефит. Други прашања немаше. За усвојување на извештајот гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 8. Разгледување-усвојување на Годишен извештај за спроведување на програмата за развој на Пелагонискиот плански регион од страна на центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во 2020 година***

За извештајот за спроведување на програмата за развој на Пелагонискиот плански регион од страна на центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во 2020 година немаше дискусија. За усвојување на извештајот гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 9. Предлози и прашања***

Советничката Марија Кочовска праша до каде е постапката со барањето за Железнец бидејќи од Советот беше одобрено.

Градоначалникот Марјанче Стојановски објасни покрај тоа барање бараат уште средства исто и шини за изградба на мостот. Од страна на Македонски железници има одобрено 100 шини за општината, треба да се обезбеди транспорт на шините. Дел од овие шини се планирани за Железнец за изградба на мост.

Советникот Мишко Поповски побара објаснување до каде е со реконструкцијата на патот за Слоештица. Исто предложи на објектот Дом во Слоештица да се направи со камен и другиот дел од надворешниот зид заради естетика и така ќе се заштити.

Градоначакникот Марјанче Стојановски објасни ќе почни да се работи. Како проблем се јави тоа што патот е со различна широчина, па се одлучи до мостот да биди со широчина од 4 метри, а после тоа со 3,5 метри. Исто и носивоста е различна, овај е многу скап пат, но добро е што ќе се направи, за брзо ќе се средат овие работи и се надеваме од петок да се почни со работа. За домот во Слоештица останува просторот надвор да се уредува, а за ова ќе видиме дали има можност.

Советничката Валентина Ѓорѓиовска истакна по барање на жители од Кутретино има барање да се изврши крпење на дупки бидејќи на патот и улиците има оштетување. Потоа забележа од програмата за спорт и млади се исплаќа на ученици кои се од општината, но учат во други училишта и тоа не е проблем, но зошто не се плаќа на талентирани ученици од општинското средно училиште.

Градоначалникот Марјанче Стојановски објасни не е проблем да се исплати на талентирани ученици, но треба да имаме барање да имаме информација. Еден допис да се достави до општината, немам информација кој ученици постигнуваат успех на натпревари. Имаше потреба од превоз се обративте до мене и обезбедивме исто и за ова. СОУ „Гоце Делчев“ поднесе барање за ученик на генерацијата му дадовме ваучер, другите училишта не поднесоа не дадовме од каде да знеме ние кој постигнува успех ако немаме информација. Советничката Ѓорѓиовска додаде како градоначалник треба да прашате едно средно училиште е во општината. Потоа упати забелешка за извештајот за еднократна парична помош. Во рамките на оваа програма има исплаќано по поднесени барања кои се поделени во два списоци. На едниот список има лица кои се исплаќани во категорија на социлано загрозени семејства, а на тој список има семејства кои не се социјално загрозени. Паралелно на него има и друг дополнителен список од кој се исплаќани средства на семејства кои имеле потреба од лекување. Градоначалникот Стојановски објасни за еднократната парична помош сите барања се преку комисијата за опшествени дејности. Ако некој бара средства за лекување како доказ доставува документи тие добиваат повеќе средства не одат на комисија. Советничката Ѓорѓиовска додаде исто за лекување имаше барање се велеше дека неможи да се исплатат оди немало донесено Буџет, дека бил Советот виновен, а се исплати на здружение од Битола за прослава. Како многу пари да има општинава. Градоначалникот Стојановски објасни здружението е од Битола, а има и членови од

Демир Хисар, законот ми дава право да вршам такви исплати. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде и мене законот ми дал право да поставам прашање, или забелешки во време на времено финансирање да се даде приорите на здружение од Битола. Моите дискусии овде ги изнесувам, сум против вашите дискусии надвор од  оваа просторија. Се создава ситуација дека советниците се виновни за се, кој беше виновен што не се донесе Буџетот. Како советник имам право да давам предлози за измени во ставки, вие не прифаќате предлози од нас. Советот има право да предлага, а не само да гласа. Градоначалникот Стојановски истакна вие ме уценувавте со тоа, ако не ги прифатам предлозите нема да го донесете Буџетот. Јас не го предложив Буџетот дадов само согласност, Одделението за финансии го изготви. Советникот Мишко Поповски додаде нашата советничката група работи согласно програмата на партијата, а советничката група на позицијата работи со уцена. Четири години бараме член во Комисијата за опшествени дејности. Award Неможи на ваков начин да се дели еднократни парична помош на семејства кои имаат примања редовна парична помош или на две лица од исто семејство, што ќе се случи ако поднесат барање 400 лица, велите побараа дадовме средства не се малку пари. Претседателот на Советот Стојановски додаде овие не се партиси доделувани, затоа така и рековме кој поднесол барање ако ги исполнува условите има добиено. Советничката марија Кочоовска дополни има правилник се работи по него.

Советничката Христина Бојаџиева Андреска упати забелешка  во Демир Хисар има многу кучиња скитници има донесено програма треба повеќе да се работи по неа.

Советникот Мишко Поповски упати забелешка на одржување на патиштата не е косено по банките ниту патеките и тротоарот.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори седницата.

**Бр.17-**
**29.07.2021 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Благоја Станојоски с.р.**